**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1003 – 350/4**

**Скопје, 22/07/2008 година**

**ДО**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за финансии за 2007 година, на сметката за редовно работење кои се прикажани на страниците од 4 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале извештај за финансиските извештаи на Министерството за финансии за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Проф. Д-р.Трајко Славески – министер на Министерството за финансии на Република Македонија;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 07.04 до 16.05.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Од страна на Министерството за финансии добиени се забелешки на Претходниот извештај, број 28229/1 од 18/07/2008 година на точките 10.1.1. и 13. Ревизијата не ја прифати забелешката на точката 10.1.1. од причина што салдото на неизмирени обврски се однесува за комунални услуги, но и за други договорни услуги. Забелешките на точката 13 целосно се прифатени од страна на ревизијата.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

**11.1. Неправилности во искажување на билансните позиции**

11.1.1. Пописот на средствата и нивните извори не е извршен согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетски корисници и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, односно:

- ✓ не се обезбедени информации за правниот основ за постоење на обврските;
- ✓ не се превземени мерки за расчистување на неизмирените обврски.

Нецелосно спроведениот попис во делот на обврските влијае во реалното и објективното искажување на истите во Билансот на состојба.

**Препорака:**

Одговорното лице да спроведе целосен попис на средствата, изворите на средствата, побарувањата и обврските согласно законската регулатива, со цел истите да бидат реално и објективно искажани во финансиските извештаи.

11.1.2. Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500 Ревизорски докази и 505 Екстерни конфирмации, од страна на ревизијата испратени се конфирмации до комитентите заради обезбедување на достатни соодветни ревизорски докази за состојбата на обврските. За неизмирените обврски во износ од 3,774 иљади денари испратени се 10 конфирмации во износ од 2,027 иљади денари, кои опфаќаат 54% од обврските. Од испратените конфирмации до денот на ревизијата добиени се одговори од 6 комитенти во износ од 1,426 иљади денари (63% од испратените конфирмации), од кои 4 конфирмации во износ од 481 иљада денари ја потврдија сметководствената состојба (24% од испратените конфирмации), 2 конфирмации во износ од 946 иљади денари не ја потврдија сметководствената состојба (47% од испратените конфирмации ) додека за 4

конфирмации во вкупен износ од 600 илјади денари (29% од испратените конфирмации) не се добиени одговори.

Врз основа на изнесеното ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста во прикажаната состојба на обврските во Билансот на состојба.

**Препорака:**

Одговорниот сметководител да спроведе постапка со кое најмалку еднаш во годината ќе изврши усогласување на состојбите на побарувањата и обврските искажани во сметководствената евиденција со состојбата кај должниците и доверителите.

12. Според наше мислење, освен наодите изнесени во точката 11.1. финансиските извештаи на Министерството за финансии за 2007 година вистинито и објективно ја искажуваат финансиската состојба и резултатот од финансиските активности во однос на важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

**Скопје, 21/07/2008 година** **Овластен државен ревизор**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
***Палата Македонија - Скопје***
тел:3211-262, факс:3126-311

**Мнистерство за финансии-Сметка за редовно работење**
**Средства од буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година**

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 505,683 | 342,545 |
| **Вкупно приходи** | **505,683** | **342,545** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 195,830 | 200,146 |
| Резерви и недефинирани расходи | 670 | 1,131 |
| Стоки и услуги | 300,686 | 103,878 |
| Субвенции и трансфери | 1,244 | 184 |
| **Вкупно тековни расходи** | **498,430** | **305,339** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 7,253 | 37,206 |
| **Вкупно капитални расходи** | **7,253** | **37,206** |
| **Вкупно расходи** | **505,683** | **342,545** |

**Министерство за финансии-Сметка за редовно работење**
**Средства од буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 5 | 2 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 1,122 | 1,039 |
| Побарувања од вработените | 0 | 2 |
| Активни временски разграничувања | 19,989 | 18,315 |
| Залихи | 1,771 | 3,296 |
| **Вкупно тековни средства** | **22,887** | **22,654** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 4,418 | 6,387 |
| Материјални средства | 98,025 | 101,920 |
| **Вкупно постојани средства** | **102,443** | **108,307** |
| **Вкупна актива** | **125,330** | **130,961** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4,246 | 3,714 |
| Краткорочни финансиски обврски | 555 | 316 |
| Обврски спрема државата и други институции | 54 | 40 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 15,239 | 14,267 |
| Пасивни временски разграничувања | 1,021 | 1,021 |
| **Вкупно тековни обврски** | **21,115** | **19,358** |
| **Извори на средства** | | |
| Државен-јавен капитал | 104,215 | 111,603 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **104,215** | **111,603** |
| **Вкупна пасива** | **125,330** | **130,961** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

***Овластен Државен ревизор***

-----------------------------

**Министерство за финансии-Орган**
**Средства од буџетот на РМ**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **108,307** | **3,296** | **111,603** |
| **Зголемување по основ на:** | **14,575** | **1,797** | **16,372** |
| Набавки во текот на годината | 14,575 | 1,797 | 16,372 |
| **Намалување по основ на:** | **20,439** | **3,321** | **23,760** |
| Расходување и отуѓување | 2,485 | 3,295 | 5,780 |
| Преостапена опрема без надомест | 285 | 26 | 311 |
| Амортизација за тековна година | 20,208 | | 20,208 |
| Амортизација за расходуваната опрема | 2,254 | | 2,254 |
| Амортизација за остапување без надомест | 285 | | 285 |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **102,443** | **1,772** | **104,215** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------